# КОНКУРС за доделување на стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии за студиска 2023/2024

Врз основа на потпишаната Спогодба за соработка меѓу ЕВН Македонија АД, Скопје и Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, се распишува конкурс за доделување стипендија за студентите запишани на **Електротехнички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип,.**

Со стипендирање на **1 (еден) студент**, ЕВН Македонија ќе даде свој придонес и поддршка во едукација и оспособување на стручен и на квалитетен кадар од областа на енергетиката, а воедно ќе им се даде стимул на идните студенти за запишување на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .

Стипендијата е во висина од **10.000,00 денари** месечно и се доделува за 10 (десет) месеци, почнувајќи од 01.10.2023 заклучно со 31.07.2024, со можност за продолжување или за прекин, во зависност од исполнување на обврските пропишани во Договорот за стипендирање.

**Кој може да аплицира:**

- Редовни студенти запишани на додипломски студии на Електротехничкиот факултет - енергетски насоки,
- Студенти со постигнат висок успех, односно од прва до тековно запишаната студиска година да постигнале **просечен успех од најмалку 8.00**
- Студенти кои **положиле најмалку 80% од предвидените испити**.
- Студенти кои не се корисници на стипендија или кредит од друга институција или компанија;

**Потребни документи за аплицирање:**

- Апликација за стипендија, формулар, подготвен од страна на ЕВН Македонија АД,Скопје
- Потврда за редовен студент запишан во зимски семестар за студиската 2023/2024;
- Уверение за положени испити и постигнат успех до датумот на аплицирање,
- Изјава дека не е корисник на стипендија или кредит од друга установа, институција или компанија;
- Изјава за согласност за обработка и користење на лични податоци на кандидатот и неговото потесно семејство за цели на стипендијата.
- Есеј на тема „Мојата иднина како електро инженер“

Напомена: Во случај на утврдување на неточни податоци, доставени од страна на апликантот / стипендистот, ќе дојде до прекин на стипендирањето и враќање на веќе доделените средства.

**Начин и рок за аплицирање**

- Сите потребни документи испратете ги на stipendii@evn.mk со назнака во **subject: за стипендија**,
- Рок за аплицирање **до 16.10.2023**
- Некомплетните апликации и апликациите пристиганти по крајниот рок нема да бидат прифатени
- Изборот и селекцијата на кандидатите ќе го изврши Оддел за Човечки ресурси и организација.